ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 14-289/1

Дата: 19.02.2014

**ДО**
**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ТАТКОВИНСКО МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА – ВАРДАР – ЕГЕЈ – ПИРИН - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Политичката партија Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин (во натамошниот текст ТМОРО - ВЕП) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За финансиските извештаи за 2012 година на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, констатирано е дека Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин:

- не се пренесени почетни состојби од известувачкиот период од 2011 година, не се внесени почетни состојби во Билансот на состојба за 2012 година;
- Годишната сметка за 2012 година и Годишниот финансиски извештај не се доставени во законскиот рок до Државниот завод за ревизија и не е извршено нивно објавување на веб страната на партијата;
- не се применува сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени/трансакции при проценување на позициите во билансот

на состојба како и за признавањето на приходите и расходите;
- не е спроведен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства и
- не поседува доволно докази за потврдување на бројот на општински организации кои користат деловен простор, нивното седиште и начинот на нивното користење (со или без надомест).

Надлежните органи на партијата потребно е да преземат активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации,
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Извршивме обелоденување во делот на наплатата на членарина.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1026/3 од 31.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин (, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Страшо Ангеловски, претседател од 04.02.2011 година,

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ТМОРО-ВЕП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност. На ревизијата не и се

презентирани уредни и веродостојни докази за потврдување на почетните состојби во Билансот на состојба, која влијаеше на изразеното мислење од страна на ревизијата, за финансиските извештаи.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни докази за потврдување на почетните состојби во Билансот на состојба, која влијаеше на изразеното мислење од страна на ревизијата за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.09. до 04.10.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорното лице на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, одржан на ден 10.12.2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1026/3 од 31.12.2013 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26, став 2 од Законот за финансирање на политичките партии предвидено е политичките партии може да имаат само една жиро сметка, а нивните локални ограноци и партиско истражувачко-аналитички центар може да имаат и потсметки, но тие се должни во случај на постоење на истите да доставуваат консолидирани финансиски извештаи.
Со направен увид од приложената изјава од страна на претставникот на партијата и во деловните книги за годината предмет на ревизија, утврдено е постоење на две трансакциски сметки кај носителот на платен промет. Утврдената состојба влијае на законското постапување на партијата.
На ден 07.02.2013 година од страна на Извршниот комитет на ТМОРО - ВЕП донесена е одлука за затварање на сметката кај едниот носител на платен промет, но до денот на известување за извршената ревизија трансакциската сметка не е затворена кај носителот на платниот промет.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да продолжи со превземените активности за затварање на едната сметка кај носителот на платен промет и за истото да го извести Државниот завод за ревизија.

3.1.2. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ја достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека Годишната сметка не е доставена до Државниот завод за ревизија и во исто време на ревизијата не и се презентирани податоци дека истата е објавена согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни.

По препорака на ревизијата на ден 30.10.2013 година Годишната сметка е доставена до Државниот завод за ревизија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе активности Годишната сметка да ја објави на веб страницата на партијата со што ќе обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

3.1.3. Со одредбите на член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е утврдена обврската за изготвување и доставување на Годишен финансиски извештај до Државниот завод за ревизија како и негово објавување на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен и доставен до Државниот завод за ревизија и е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

По препорака на ревизијата Годишниот финансиски извештај на ден 30.10.2013 година е доставен до Државниот завод за ревизија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки за објавување на Годишниот финансиски извештај на веб страницата на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Со извршената ревизија на деловните книги/начинот на евиденција и искажување на сметководствените настани/трансакции во истите, ревизијата утврди дека за известувачкиот период ТМОРО - ВЕП не превземал активности за:

- формирање Комисија за попис, согласно член 31 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации;
- спроведување попис и сметководствено усогласување на паричните средства, побарувањата, и нивните извори, согласно член 30, од Правилникот за сметководство на непрофитни организации;
- извршување попис и сметководствено усогласување на обврските согласно член 32-в од Правилникот за сметководството на непрофитните организации.

Утврдените состојби исто така не се во согласност со одредбите на членовите 16 и 17 од Законот за сметководството на непрофитните

организации и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

На крајот на известувачкиот период одговорното лице на партијата да воспостави пракса за:

- формирање на пописна комисија и делегирање на надлежности на истата;
- вршење попис на средствата и изворите на средствата и нивно усогласување со сметководствената состојба.

3.2.2. Политичката партија деловните книги започнува да ги води од 01.01.2012 година, без притоа да се приложат податоци за крајните состојбите од известувачкиот период од 2011 година, односно да се приложат уредни и веродостојни податоци за почетните состојби и нивно пренесување во известувачкиот период за 2012 година.

Со извршената ревизија на расположливата документација и тоа:

- првите изводи на трансакциските сметки кај носителот на платен промет од ден 03.01.2012 и од 05.01.2012 година, ревизијата утврди дека партијата располага со парични средства во висина од 530 илјади денари,
- Декларациите за прием на плата од УЈП, ревизијата утврди дека партијата има неисплатени плати и придонеси од плати за периодот од месец март до декември 2011 година во вкупен износ од 193 илјада денари, кои не се евидентирани во деловните книги и нивно презентирање во Билансот на состојба.

Ваквата состојба не е во согласност со член 5 од Правилникот за сметководство на непрофитните организации и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да укаже на лицето задолжено за водење на деловните книги на партијата да обезбеди почетните состојби на главната книга на почетокот на деловната година да бидат исти со заклучните состојби на крајот на претходната година.

### Биланс на приходи и расходи

3.2.3. Согласно член 35 од Статутот на ТМОРО-ВЕП, партијата се организира на територијален принцип, кој опфаќа месни, општински и градски или регионални организации. Месна организација е основен облик на организирање на територијата на едно изборно место, додека општинската организација се основа на територијата не една општина, на предлог на најмалку 2 месни организации. Со извршниот увид во деловните книги

ревизорите утврдија дека партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост, и во исто време нема искажано расходи на име за закуп.
На ревизијата презентирана и е Одлука за употреба на печатот на ТМОРО – ВЕП за верификација на Општинските Комитети во која се наведени 26 општински комитети на партијата, но не и податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор во кој се сместени општинските комитети што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Поради тоа не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на приходите по основ на донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**
Одговорното лице на партијата да пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловните простори.

3.2.4. Со извршената ревизија на деловните книги на партијата ревизијата утврди дека на сметката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции евидентирани се исплати на парични средства на физичко лице од трансакциската сметка кај носителот на платен промет на име на материјални трошоци во висина од 755 илјади денари,за кој не се преземени активности за:
- внесување на паричните средства во благајната на партијата,
- изготвување на уредни и веродостојни документи за влезот/излезот на парични средства од благајна,
- изготвување на благајнички извештај,
- потврдување на исплатените аванси со состојба 31.12.2012 година,
- искажување на расходи во деловните книги за наведениот износ.

Ревизијата констатира дека до крајот на известувачкиот период за подигнатите/исплатените парични средства не е извршено нивно раздолжување. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и создава ризик за законското користење на средствата.

**Препорака**
Одговорното лице на политичката партија да преземе мерки за раздолжување на подигнатите парични средства на име аванси.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се однесува на:

- не се пренесени почетни состојби од известувачкиот период од 2011 година и нивно внесување како почетни состојби во 2012 година;
- неправилно евидентирани расходи во Билансот на приходи и расходи;
- неспроведен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства и
- непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за сместување на општинските и месните организации на ТМОРО - ВЕП.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата утврдени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката регулатива.

### Мислење – за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Татковинско Македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на

донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]".

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]". Со извршениот увид во: Правилникот за

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31

сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. ТМОРО-ВЕП согласно одредбите од Статутот на ден 11.02.2011 година има донесено Одлука за утврдување на висината на Членарината на членовите на партијата, во која е дефинирано дека висината на членарината ќе биде на доброволна база. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во годината предмет на ревизија не се искажани приходи од наплатени средства на име членарини. Ваквата состојба предизвикува намалени приходи на партијата и влијае во извршувањето на активностите на партијата.

6.2. Приватните извори на финансирање на политичките партии се уредени со член 13 од Законот за финансирање на политичките партии каде е наведено дека истите можат да се финансираат од членарина, подароци, донации, прилози, спонзорства, итн. Во известувачкиот период партијата прима позајмица од член на партијата, средства во износ од 9 илјади денари, за кој во деловните книги нема евидентирано приходи по тој основ. Ревизијата истакнува дека согласно одредбите од Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации, во делот на класите Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки и Извори на средства, пропишани се сметки Обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми и Долгорочни кредити од банките во земјата. Исто така во образецот "Годишен финансиски извештај" дефиниран со Правилникот со образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии во делот на II РАСХОДИ, точка 39, како расходна ставка пропишана е и "камати на кредити и заеми". Ревизијата укажува дека со одредбите на член 13 од Законот за финансирање на политичките партии заемите не се дефинирани како извор на финансирање на политичките партии.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Приходи** | | |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 1.082 | - |
| **Вкупно приходи** | **1.082** | - |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 41 | - |
| Други расходи | 34 | - |
| Плати и надомести на плати | 258 | - |
| **Вкупно расходи** | **333** | - |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | **749** | - |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 4 | - |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 746 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **750** | - |
| **Вкупна актива** | **750** | - |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 750 | - |
| **Вкупни краткорочни обврски** | **750** | - |
| **Вкупна пасива** | **750** | - |